# Повик за ангажирање на обучувач

За испорака на обуки на летна школа за градење на капацитети за настап и активирање на пазарот на труд

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ објавува повик за ангажирање на едно лице (1) обучувач за испорака на обуки и работилници во летна школа за градење на капацитети за настап и активација на пазарот на труд, за зајакнување на личните, академските и професионалните вештини и способности на ученици Роми за настап на пазарот на труд во рамки на проектот **„Зголемување на пристапот и учеството на ученици Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“** финансиран од Европска Унија и Ромскиот Образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

## 1. Теми, распоред и опис на работилниците

Теми на школата за градење капацитети за настап на пазарот на труд:

- Управување со времето (Time management)
- Вештини за барање на работа
- Активни мерки за вработување

Содржината и методологијата на работа на обуките треба да се прилагоди на потребите на целната група.

Школата за градење на капацитети ќе се реализира во период од 08.08 – 11.08.2020 година.

Работен јазик на зимската школа за градење на капацитети за настап на пазарот на труд ќе биде Македонскиот јазик.

## 2. Работни задачи на обучувачот

Селектираниот обучувачи кои ќе ги испорачат обуки ќе треба:

- Да подготви финален дизајн на обука со методологија за работа согласно потребите на студентите, најмалку 5 дена пред летната школа ;
- Да подготви материјали за работа , најмалку 5 дена пред летната школа;
- Да подготви агенда за обуката;
- Да дистрибуира електронски примерок од сите употребени наставни материјали за работилницата, до проектниот тим и учесниците, најдоцна 10 дена по работилницата;
- Да спроведи евалуација на обуката во склоп на летната школа;
- Да изготви наративен извештај за обуката во склоп на летната школа најдоцна 10 дена по завршувањето на школата.

Селектираните обучувачи од страна на проектниот тим ќе добијат соодветни формати согласно процедурите на проектот за подготовка на агенда, евалуационен прашалник и за подготовка на наративен извештај.

Селектираните обучувачи пред испорака на работилницата ќе склучат договор за авторско дело со Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ - Скопје во кој ќе се регулираат договорените обврски.
Патните и трошоците за сместување се покриени од страна на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ – Скопје.

## 3. Услови за пријавување

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнат следните услови:

- Да имаат завршено високо образование;
- Да имаат работно искуство во испорака на работилници/обуки;
- Да имаат работно искуство во испорака на работилници/обуки на темите кои се наведени во овој повик;
- Да имаат добро познавање на педагошките пристапи на учење, методи и методологија на работа.

## 4. Документи за пријавување

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи:

- Документ кој ќе го потврди степенот на завршено високо образование;
- Кратка биографија која ќе ги содржи најважните претходно испорачани работилници, обуки и семинари;
- Листа на испорачани работилници/обуки за темата/ите за кои се пријавувате;
- Предлог дизајн за секоја од работилниците за кои се пријавува како обучувач (**темплејт од дизајн на обука**).

## 5. Начин и рок за пријавување

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат на е-маил адресата: **ane.matevska@romaversitas.org.mk** , со назнака за ***пријавување за повик за обучувачи за летната школа*** најдоцна до **29 јули 2020 година**.

## 6. Критериуми при процесот на селекција на пријавените лица се:

- Искуство во испорака на обуки/работилници;
- Искуство во испорака на обуки/работилници на темите кои се наведени во овој повик;
- Квалитет на предлог дизајн на работилница;
- Квалитетот на доставени документи.

Дополнителни информации за повикот можете да добиете електронски на е-маил адресата: **ane.matevska@romaversitas.org.mk** .

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union